„,Најмногу се плашам за вас од малиот ширк?‘. Присутните прашаа: ‚А што е тоа мал ширк, о, Аллахов пратенику?‘ Тој одговори: ‚Преправањето!

Од Махмуд бин Лебид, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „,Најмногу се плашам за вас од малиот ширк?‘. Присутните прашаа: ‚А што е тоа мал ширк, о, Аллахов пратенику?‘ Тој одговори: ‚Преправањето!, на Судниот ден, кога ќе им суди на луѓето според нивните дела, Возвишениот Аллах ќе им рече: Одете кај оние за кои се преправавте и видете дали ќе ви дадат некаква награда.‘“

[حسن] [رواه أحمد]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни дава до знаење дека најмногу се плаши од од малиот ширк кој може да се појави во неговиот умет, а тоа е преправањето, да направиме нешто заради луѓето. Потоа посочи на казната на Судниот ден која следи за оние кои прават добри дела заради други, ќе им се каже: „Одете кај оние заради кои сте ги направиле делата и видете дали можат да ви дадат награда за вашите дела.“

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3381